# ФИНКИ live chat 03 – ЧПП

*четврток, 11.08.2011, 12:00 – 13:00*

**Dino Bojadzievski**: Bi sakal da prasham dali ima problem ako izvodot od matichnata kniga e postar? Imeno, mojot e od '93 godina.

**ФИНКИ**: Според условите за упис во Конкурсот на УКИМ, изводот доволно е да биде во оригинал.

**Dimitar Causev**: Универзитетската пријава мора да биде рачно пополнета?

**ФИНКИ**: Универзитетската пријава мора да биде рачно пополнета на оригинален образец од УКИМ (кој има свој сериски број) и кој што може да се купи во книжара.

**Dimitrievski Darko**: Дали мора и каде се пополнува електронската пријава?

**ФИНКИ**: Не мора, но е препорачливо. Во спротивно, ќе мора сите документи рачно да ги пополнувате на 16-ти и 17-ти, на ФИНКИ. За да заштедите време, најдобро е да го користите системот за е-уписи: http://iknow.ukim.edu.mk/.

**Dimitar Causev**: Во електронското пријавување во делот за студиски програми избрав 3, значи првата на која сакам да се запишам и уште 2 студиски програми. Доколку не ме примат (државна квота) на истата се зема во предвид некоја од доле наведените студиски програми или се разгледува и случајот за примање, но во приватна квота?

**ФИНКИ**: Ако одберете студиски програми според следнот редослед: А, Б и В и одберете кофинансирање, тогаш рангирањето оди според следниот приоритет: А државна, А кофинансирање, Б државна, Б кофинансирање, В државна, В кофинансирање. Во спротивно, доколку не одберете кофинансирање, редоследот оди: А државна, Б државна, В државна.

**Dimitrievski Darko**: Инаку формуларов: http://iknow.ukim.edu.mk/new_user.aspx е општо за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", дали негде посебно треба да се нагласи ФИНКИ, или ...?

**ФИНКИ**: Да, кога го пополнувате формуларот, во вториот таб (факултети) треба да се одбере факултетот на кој што се запишувате, како и студиската програма која што ја избирате.

**Gogo Spasic**: Dali od prilika bi mozele da mi kazete dali so 80 boda bi mozel da vlezam vo drzavna kvota, i kolku do sega imaat aplicirano elektronski, i za koja od studiskite programi najvekje apliciraat srednoskolcite do sega? Fala odnapred.

**ФИНКИ**: Бројот на кандидати, како и дистрибуцијата на поените ќе се знае дури по завршувањето на вториот уписен ден. Сепак, очекуваме дека ФИНКИ ќе може да ги прими сите пријавени кандидати заради големите квоти кои се одобрени. Вие треба да се обидете да се запишете на насоката која што најмногу Ви одговара, а во исто време да наведете и алтернативни насоки на кои што би студирале.

**Дон Мануеле**: Дали при запишување може да се изберат сите 8 студиски програми?

**ФИНКИ**: Да, можете да одберете повеќе од една, па дури и сите 8 студиски програми, по ваш избор. Само внимавајте, тие треба да бидат наведени по приоритет.

**Nikola Kalkovaliev**: Кога ќе започне новата академска година за оние кои веќе се студенти на ИИ/ФЕИТ, а ќе преминат на ФИНКИ?

**ФИНКИ**: Новата учебна година ќе започне на датумот определен за почеток на наставата за сите факултети на УКИМ – 15 септември.

**Bojana Koteska**: Дали се доделуваат некакви стипендии за магистерски студии?

**ФИНКИ**: Дополнителни информации за магистерските студии ќе бидат објавени во претстојниот период.